Пишува:
**Александар КЕЛТАНОСКИ**



# CADILLAC CTS COUPE



Американската луксузна марка "Cadillac" потврди дека новата лимузина CTS ќе послужи како платформа за неколку различни типови каросерии, меѓу кои е и купето, едноставно крстено како CTS Coupe. "Cadillac" го искористи Салонот во Детроит за претставување на концептот, кој во голема мерка се потпира на дизајнот на лимузината CTS, особено предниот крај со аглести фарови и огромна хромирана маска, која недвосмислено укажува на потеклото на моделот. Приказната од лимузината се повторува и во ентериерот. Разликата ја прави употребата на нови материјали и бои, како и на посебни детали кои овозможуваат единствен изглед на просторот за патници.

За концептот е важно тоа што е поставен на платформа, која на себе може да прими различни типови мотори, од бензинци до дизели, што на купето ќе му овозможи многу полесно да се снајде на пазарите надвор од САД.



# AUDI TT S






Според најавите, "Audi" ќе ја претстави дизелската верзија од својот суперспортист на Саемот во Детроит. Ќе го користи новиот V12 дизелски Common-Rail агрегат, кој ќе развива околу 500 кс. Моторот е познатиот 2.0 TFSI од VW, но темелно доработен од инженерите на "Audi". Овој пат развива неверојатни 270 кс, кои се заслужни за забрзување од 0 до 100 км/ч за неверојатни 5 секунди! За преносот се грижи автоматски S-Tronic менувач. За жал, максималната брзина ќе биде електронски ограничена на 250 км/ч. Погонот е Quattro на сите четири тркала, додека за поголеми брзини во свијоците се грижат магнетни амортизери, кои можат да се подесуваат во зависност од патот. Цената ќе биде околу 60.000 евра, што и не е многу за автомобил со толку екстремни перформанси.

## ФЛЕШ ВЕСТИ

### РЕКОРДНА ГОДИНА ЗА BENTLEY

Тврдењето дека никогаш не било полесно да се седне зад воланот на сосема нов Bentley е вистинито. Но, не поради поволните цени, туку заради поголемата продукција условена од исклучителната побарувачка. Факт е дека отсекогаш имало луѓе со доволно пари за да си дозволат нов Bentley, но повеќето од нив, барем до сега, се откажувале од идејата поради предолгите рокови на испорака.

Со преземењето од страна на "Volkswagen" и модернизацијата на производството, работите добија поинаков тек. За ова зборува минатогодишната продажба на Bentley, од 10.014 нови автомобили испорачани ширум светот, што е нов рекорд за производителот на ултралуксузни автомобили. Вкупниот раст на продажбата во однос на 2006 г. е поголем за 7 проценти, со тоа што растот е забележан на сите важни пазари во светот, вклучувајќи ги Русија и Кина, покрај традиционалните пазари на Bentley, Велика Британија и САД.


ПЗУ СТОМАТОЛОШКА ОРДИНАЦИЈА

ДЕНТА НОВА

- пломбирање
- лечење
- вадење
- протетика
- ортодонција
- имплантологија

Њу Делхиска 4
локал 11 , Скопје
+389 75 577 600
+389 75 471 947
denta_nova@yahoo.com





SO OVOJ KUPON IMATE 20 % POPUST
ZA STOMA TOLO[KI USLUGI VO
ORDINACIJATA "DENTA NOVA"